**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103- 80/6**
**Скопје, 16.10.2008 година**

**ЈНУ ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈНУ Економски институт – Скопје (во натамошниот текст ЈНУ ЕИ), Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2007 година, кои се прикажани на страните 9, 10 и 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. За годините кои `и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија не е извршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
    - Дејан Пендев, директор на ЈНУ Економски институт – Скопје.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 05.06. до 25.07.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 24.09.2008 година примени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на ЈНУ Економски институт – Скопје, Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2007 година, заведени под бр. 03-1035/3 од 23.09.2008 година, од директорот на ЈНУ ЕИ. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - На наодите во точките 10.1.1, 10.1.2, 10.1.3, 10.1.4, 10.2.1. и 10.2.2. од Претходниот извештај, не се дадени забелешки, односно истите ги потврдуваат наодите со појаснување за настанатите состојби и причините за истите.
    - За забелешките кои се однесуваат на наодите во точките 10.5.1. и 12 од Претходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање, поради што истите се одбиени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Систем на интерни контроли**

11.1.1. Спротивно на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, директорот на ЈНУ ЕИ не обезбедил ефикасен систем на сигурен финансиски менаџмент и контрола поради невоспоставена организациска структура и процедури и соодветна поделба на должностите што влијае на правилното и регуларното извршување на активностите и целите на субјектот.

11.1.2. Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2007 година, ЈНУ ЕИ е единка корисник која се финансира преку буџетот на Министерството за образование и наука. ЈНУ ЕИ нема назначено внатрешен ревизор. Во ваков случај, согласно измените на Законот за внатрешна ревизија на јавниот сектор, единицата за внатрешната ревизија при Министерството за образование и наука, е одговорна за извршување на задачите на внатрешна ревизија и кај органите во состав и единките корисници на средства во рамките на министерството односно и кај ЈНУ ЕИ, доколку истите немаат основано свои единици за внатрешна ревизија. Во изминатиот период Министерството за образование и наука не извршило внатрешна ревизија во досегашното работење кај ЈНУ ЕИ. Ваквата состојба не му обезбедува на раководителот на субјектот објективно согледување и подобрување на работењето во организацијата базирано на системите на внатрешна контрола.

11.1.3. ЈНУ ЕИ нема обезбедено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и

финансиските извештаи, што е спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, и може да доведе до несовесно располагање и злоупотреба со буџетските средства од страна на лицата вработени во јавната научна установа.

11.1.4. Кај ЈНУ ЕИ, во изминатиот период, Министерството за образование и наука нема извршено увид во наменското трошење на средствата доделени со договорите за реализација на годишните програми за одделни години, како што е предвидено со склучените договори, поради што постои ризик од незаконско и ненаменско трошење на доделените буџетски средства во јавната научна установа.

11.1.5. Во ЈНУ ЕИ не се врши пресметка и исплата на плати врз основа на податоци за присуство и отсуство на вработените од електронското евидентирање на работното време поради што постои ризик од исплата на плата за помалку часови од полното работно време определено со закон.

**Препораки**

1. Директорот на ЈНУ ЕИ во соработка со Министерството за финансии и Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола при МФ да преземат мерки за развој, регулирање и имплементирање на системот за финансиски менаџмент и контрола во рамките на ЈНУ ЕИ.
2. Директорот на ЈНУ ЕИ во соработка со единицата за внатрешна ревизија во Министерството за образование и наука да обезбеди вршење на редовна внатрешна ревизија согласно Законот за внатрешна ревизија од јавниот сектор.
3. Директорот на ЈНУ ЕИ да обезбеди лице за вршење на внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи.
4. Министерството за образование и наука редовно и навремено да врши контрола на наменското трошење на буџетските средства доделени со годишните програми за работа и развој кај ЈНУ ЕИ.
5. Одговорните лица во секторот за општи работи да воведат евиденција за присуство и отсуство на вработените врз основа на електронското евидентирање на работното време.

11.2. **Неправилна примена на акти**

11.2.1. До денес не е склучен договор за меѓусебните права и обврски помеѓу Министерството за образование и наука и ЈНУ ЕИ, спротивно на донесеното решение од 1991 година за доделување на просториите на Републичката заедница за научноистражувачката дејност на користење на ЈНУ ЕИ, поради што не е утврдено колкав простор се користи, ниту до кога истиот може установата да го користи. Поради наведеното постои ризик од необезбеден простор и неможност за обавување на основната и дополнителната дејност, посебно заради обврската ЈНУ ЕИ пред да добие дозвола за работа на дополнителна дејност да обезбеди документ за сопственост на просторот или договор во кој ќе биде точно регулирано до кога може истиот да биде на располагање. Во изминатиот период до денес ЈНУ ЕИ ги плаќа само комуналните услуги врзани за деловните простории кои ги користи и се грижи за одржување на истите.

11.2.2. Министерството за образование и наука не доделило средства за финансирање на ниеден понуден проект од ЈНУ ЕИ за 2007 година, без да даде писмено образложение за неприфаќањето на истите, односно неисполнување на условите и критериумите за финансирање на проектите, што е спротивно на одредбите од Правилникот за утврдување на условите и критериумите за доделување средства за поттикнување и помагање на научно истражувачката дејност, донесен врз основа на Законот за научноистражувачката дејност. Неприфаќањето на понудените проекти од страна на министерството го доведува во прашање функционирањето на Економскиот институт како јавна научна установа, чија основна дејност е вршење на научно-истражувачката дејност од јавен интерес, односно вршење систематски организирана творечка активност чии резултати содржат во себе изворност или новина насочена кон проширување на вкупните знаења и унапредување на науката.

**Препораки**

1. ЈНУ ЕИ и Министерството за образование и наука да потпишат договор со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски во врска со користењето на просторот доделен од Владата на РМ.
2. Министерството за образование и наука, да дава писмено образложение до ЈНУ ЕИ за причините на неприфатените проекти како неисполнување на условите и критериумите утврдени со Правилникот.

### 11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.3.1. Спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, ЈНУ ЕИ не води книга на капитален имот (основни средства) и не води помошни книги, од кои дел и несоодветно ги води, и тоа:

- Не води книга на влезни фактури, книга за набавки, пописни листи (за материјали, ситен инвентар и основни средства). Основните средства немаат инвентарни броеви.
- Набавените материјали, резервни делови и ситен инвентар не ги евидентира преку сметките за залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и сметката останат капитал, ниту врши материјално задолжување и евиденција на истите.
- Несоодветно ја води аналитичката евиденција на обврските спрема добавувачите поради збирно евидентирање и книжење на обврските во налозите за книжење по повеќе сметководствени документи (фактури), со што не ги обезбедува потребните податоци во сметководствената евиденција.

Неводењето, односно несоодветното водење на деловните и помошните книги придонесува за нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата на соодветните сметки во сметководствената евиденција и во искажувањето на позициите во финансиските извештаи.

11.3.2. Податоците кои се внесени во деловните книги не се базираат на веродостојни и вистинити сметководствени документи, што е спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Сметководствените документи не се уредни односно кон поголем дел од фактурите не се приложени испратници односно работни налози, ниту пак се изготвуваат приемници за прием на основни средства, ситен инвентар и материјали. Истите не се потпишани од директорот - овластено лице за потпишување на документите со кое се гарантира дека документот е вистинит и дека реално ја прикажува сметководствената промена односно

трансакција. Не се врши внатрешна сметководствена контрола во сметководствениот систем и не постои разграничување на должностите при што сметководителот ја обавува функцијата и на благајник. Ваквата состојба укажува на непостоење на интерни контроли кои ќе обезбедат заштита од измами и грешки.

11.3.3. Сметководствените документи (влезните фактури) не се евидентираат навремено и по хронолошки редослед во моментот на нивното примање, преку евидентирање на активни временски разграничувања, туку истите се книжат директно како трошок, во моментот на плаќањето. Напред наведеното е спротивно на одредбите од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на обврските во Билансот на состојбата.

11.3.4. Не е извршен попис на начин предвиден во одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Изготвен е записник-извештај од пописот на благајната, бензиски бонови, ситен инвентар и основни средства, со внесени книговодствени податоци односно препис на состојбите искажани во деловните книги и финансиските извештаи. Пописните листи за опрема која е евидентирана во финансиските извештаи за одделните сметки со кои располага ЕИ, не се уредни, не ги содржат сите податоци, како што е предвидено со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно податоците не се внесени поединечно во натурални и парични вредности во пописните листи, за да истите претставуваат сметководствен документ чија вредност треба да ја потврдат членовите на пописната комисија. Истите не се потпишани од пописната комисија.

Поради наведеното ревизијата не доби релевантни ревизорски докази за да ја потврди објективноста и реалноста на позициите искажани во Билансот на состојба, со состојба на 31.12.2007 година.

11.3.5. Економскиот институт како јавна научна установа располага со книги во библиотека, чија вредност според деловните книги и Билансот на состојба на ден 31.12.2007 година изнесува 136 илјади денари за кои е должен да спроведе попис најмалку на 5 години, согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ревизијата констатира дека во досегашниот период нема извршено попис на библиотечниот материјал, иако според податоците од Годишниот извештај за работењето во 2007 година, ЕИ располага со голем библиотечен материјал.

11.3.6. Со извршениот увид во пописните листи во кои е внесена пресметката на амортизација за 2007, се констатира дека во овие листи е искажана вкупна набавна вредност на опремата од 4.717 илјади денари, вкупна исправка на вредност од 4.459 илјади денари и сегашна вредност од 258 илјади денари, кои состојби не се слагаат со искажаната состојби на вредноста на опремата на сметките во деловните книги. Поради неизвршен попис ревизијата не дава корекција на состојбите во деловните книги и финансиските извештаи – Билансот на состојба.

**Препораки**

1. Сметководителот задолжен за водење на сметководството на ЈНУ ЕИ, да ги воведе деловните и помошните книги предвидени со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, како и да воведе книга на капитален имот (основни средства) и евиденција на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар преку соодветните сметки од сметковниот план, со материјално задолжување и раздолжување на истите.
2. Одговорните лица во ЈНУ ЕИ, да обезбедат евидентирањата во деловните книги да се спроведуваат врз основа на веродостојни и вистинити сметководствени документи.
3. Одговорните лица во ЈНУ ЕИ да обезбедат ажурно и навремено евидентирање на сметководствените документи и финансиските трансакции во деловните книги.
4. Директорот на ЈНУ ЕИ да преземе мерки за целосно и квалитетно извршување на пописот на средствата и изворите на средства, посебно и попис на библиотечниот материјал со кој располага ЈНУ ЕИ, согласно законските прописи.

11.4. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите**

11.4.1. Ревизијата не доби достатни и релевантни ревизорски докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните расходи во ЈНУ ЕИ, поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација или сметководствена и помошна евиденција, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, кај следните видови на расходи:

- Пресметките за исплата на плати на вработените се изработуваат врз основа на податоците за присуство и отсуство на вработените од персоналната евиденција што ја води референтот за работни односи, а не врз основа на електронско евидентирање на полното работно време и прекувремената работа, што е спротивно на Законот за работни односи. ЕИ има набавено систем за електронско евидентирање на работното време, но истиот не се користи, што остава можност за неевидентирање на сите отсуства на вработените во листите за редовност, а со тоа и неосновани исплати на плати.
- Во прилог на претходно наведеното, се утврди дека во текот на 2007 година одделни научни соработници вработени во ЈНУ ЕИ се ангажирани и вршат дополнителни наставно-менторски активности во други институции (Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Универзитет Американ Колеџ – Скопје и Факултет на Југоисточна Европа во Тетово) согласно Законот за високо образование и одлуките донесени од Советот на ЈНУ ЕИ. Со извршениот увид во Статутот, Правилникот за плати и надоместоци и Правилникот за работни односи, не е утврдена одредба за правото и условите под кои одреден вработен би можел да работи во друга институција, што е спротивно на чл 147 ст 2 од Законот за високото образование. Од причина што не се води соодветна евиденција за работното време на вработените постои можност за вршење на дополнителни наставно-менторски активности во редовното работно време за кое наставно-научниот кадар прима редовна плата од ЈНУ ЕИ.
- Во 2007 година вкупните нето лични примања на вработените во ЕИ изнесуваат 9.359 илјади денари, при што учеството на дополнителните примања кај одделни вработени ( кај 13 лица од вкупно 30 лица) е 2 до 4 пати поголемо во однос на учеството на нето платите на лицето во вкупните примања. Ова значи дека поголем дел од личните примања вработените ги остваруваат преку извршување на дополнителни

активности, а не преку извршување на основната дејност на ЈНУ ЕИ. Во 2007 година не се работело на научноистражувачки проекти финансирани од Министерството за образование и наука, туку на вршење активности за последипломски студии и докторски дисертации, како и учество во изработка на проекти за други правни лица, од кои што активности вработените ги остваруваат дополнителните примања.

- Во 2007 година потрошени се средства во вкупен износ од 1.057 илјади денари, од кои 50% се однесуваат за реконструкција на дел од работните простории во износ од 381 илјади денари, по фактури од повеќе добавувачи, без писмен доказ за извршените работи потврдено од овластено лице во ЈНУ ЕИ, како и поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема во износ од 119 илјади денари, врз основа на договор од 2002 година кој се продолжува секоја година, а исплатата се врши по месечни фактури без прилог на работни налози за извршената услуга и без потврда од овластено лице во ЈНУ ЕИ.

Наведените состојби упатуваат на ризик од злоупотреба и ненаменско користење на буџетски средства.

**Препораки**

1. Одговорните лица во ЈНУ ЕИ да ги изготвуваат пресметките за исплата на плати и други надоместоци врз основа на електронското евидентирање на работното време.
2. Дополнителното ангажирање на научните соработници за вршење на наставно-менторски активности на други високообразовни установи да се регулира согласно законските прописи.
3. Директорот на ЈНУ ЕИ во соработка со Министерството за образование и наука да преземе мерки и обезбеди услови за остварување на основната дејност на јавната научна установа со што би се оправдале потрошените буџетски средства за плати на вработените.
4. ЈНУ ЕИ да изгради систем на интерни контроли по пат на пишани постапки и процедури кои ќе ја определат одговорноста на лицата кои примаат материјали и услуги и ќе обезбедат економично и рационално користење на средствата.

11.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.5.1. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

Во врска со примената на Законот за јавни набавки ревизијата утврди:

- Директорот на ЕИ нема формирано комисија за јавни набавки за спроведување на јавните набавки во 2007 година, спротивно на Законот за јавни набавки.
- Во Правилникот за вршење на јавни набавки од мала вредност од 2004 година не е наведено кој го врши изборот односно кој дава предлог за избор на најповолен понудувач, и не е наведено кој ќе врши контрола на спроведувањето на договорот склучен со добавувачот.
- Лицето задолжено за водење на внатрешна евиденција за набавките од мала вредност (економ-домаќин), односно ЈНУ ЕИ не води евиденција за извршените набавки.
- Одлуките за јавни набавки се нецелосни и некомплетни во определувањето на видот, предметот и количината на добрата или услугите кои се предмет на набавка, не е наведена поединечната проценета вредност на набавката за секој вид на стока или услуга која се


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

набавува, ниту набавките се соодветно планирани и евидентирани во Планот (не е определена количина).

- во два случаи на извршени набавки не е склучен договор за набавка, иако истото е предвидено со Правилникот.
- во одделни случаи извршен е избор на најповолен понудувач со записник од отварање на понуди од комисија формирана во 2004 година и на која `и е истечен мандатот.
- по извршениот избор не се известуваат понудувачите за тоа кој е избран за најповолен.
- на договорите нема наведено датум на склучување на договор, иако рокот за извршување на обврската е поврзан со овој датум.
- Исплатени се средства за набавка на производи (стоки) и користење на услуги од повеќе добавувачи, во вкупен износ од 678 илјади денари, за кои не е спроведена постапка или спроведена е постапка спротивно на одредбите во Законот за јавни набавки.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки има за последица примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност и јавност на постапката при склучувањето на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

**Препораки**

1. Со оглед дека од 01.01.2008 година стапи на сила новиот Закон за јавни набавки ревизијата препорачува директорот на ЈНУ ЕИ да формира нова комисија за јавни набавки и да преземе мерки за соодветна едукација на членовите на комисијата.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.1.1. до 11.1.5; 11.2.1. до 11.2.3; 11.3.1. до 11.3.6. и 11.4.1. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ЈНУ ЕИ – Сметка за средства од Буџетот на РМ за годината која завршува со 31.12.2007 година.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.4 и 11.5. кај ЈНУ ЕИ – Сметка за средства од Буџетот на РМ, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Скопје, 15.10.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 9.390 | 11.967 |
| **Вкупно приходи** | **9.390** | **11.967** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 8.310 | 9.615 |
| Резерви и недефинирани расходи | 13 | 0 |
| Стоки и услуги | 1.057 | 2.111 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 190 |
| **Вкупно тековни расходи** | **9.380** | **11.916** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 10 | 51 |
| **Вкупно капитални расходи** | **10** | **51** |
| **Вкупно расходи** | **9.390** | **11.967** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен државен ревизор*
-----------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 9 | 10 |
| Активни временски разграничувања | 647 | 598 |
| Залихи | 90 | 90 |
| **Вкупно тековни средства** | **746** | **698** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 1.240 | 1.482 |
| **Вкупно постојани средства** | **1.240** | **1.482** |
| **Вкупна актива** | **1.986** | **2.180** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни финансиски обврски | 9 | 10 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 647 | 598 |
| **Вкупно тековни обврски** | **656** | **608** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 1.330 | 1.572 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **1.330** | **1.572** |
| **Вкупна пасива** | **1.986** | **2.180** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **1.472** | **100** | **1.572** |
| **Зголемување по основ на:** | **10** | **-** | **10** |
| Набавки | 10 | - | **10** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **252** | **-** | **252** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 252 | - | **252** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **1.230** | **100** | **1.330** |


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен државен ревизор*

----------------------------